Република Северна Македонија
**Министерство за правда**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Drejtësisë**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

MINISTRIA E DREJTËSISË

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА АМНЕСТИЈА, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

# PROPOZIM-LIGJ PËR AMNISTI ME PROCEDURË TË SHKURTUAR

Скопје, септември 2023 година

Shkup, Shtator 2023

В О В Е Д

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Иако основните правни принципи на законитост и правичност наложуваат спрема секој сторител на одредено кривично дело да се примени соодветна кривична санкција, сите современи кривични законодавства (од најстари времиња до денес) предвидуваат основи кои го исклучуваат правото на казнување на државата.

Откажувањето од државното право на казнување некогаш било привилегија на монарсите кои го изразувале суверенитетот на државата. СО појавата на парламентите и парламентарните системи, двојниот суверенитет меѓу граѓаните, претставени во парламентот, и шефот на државата како суверен, довел до развивање врз таквата практика на два општо прифатени института – амнестија и помилување.

Правото на простување (милост) на државата кон сторителите на казнени дела е познат во правните системи, како овластување на државата под услови пропишани со закон, против сторители на кривични дела да не се покренува казнено гонење или на веќе осудените лица казната да им биде простена или ублажена. Институтот амнестија наоѓа смисла во неприкосновеното право на казнување на државата, од каде произлегува и правото на простување на сторителот на казненото дело. Казната претставува справедлива одмазда за извршеното дело, додека амнестијата преставува простување, израз на добра волја и милост кон осудените лица да се помогне во процесот на нивната ресоцијализација.

Особено значајно е да се потенцира дека колективното помилување по пат на амнестија е ефикасен начин за отстранување на несправедливите последици предизвикани со честите измени на законите: кога новиот акон укинува некоја инкриминација или предвидува поблаго казнување, единствен инструмент со кој може да се интервенира за таквиот поблаг став на законодавецот да се однесува и на оние кои издржуваат кана според стариот закон е нивното

HYRJE

I. VLERËSIMI I SITUATËS NË FUSHËN QË DUHET TË RREGULLOHET ME KËTË LIGJ DHE ARSYET E MIRATIMIT TË LIGJIT

Edhe pse parimet themelore juridike të ligjshmërisë dhe drejtësisë urdhërojnë që ndaj çdo kryerësi të një vepre penale të caktuar të zbatohet sanksion përkatës penal, të gjitha legjislacionet moderne penale (që nga kohët e lashta e deri në ditët e sotme) parashikojnë baza që përjashtojnë të drejtën e shtetit për të ndëshkuar.

Heqja dorë nga e drejta e shtetit për të ndëshkuar ishte dikur privilegj e monarkëve që shprehnin sovranitetin e shtetit. ME lindjen e parlamenteve dhe sistemeve parlamentare, sovraniteti i dyfishtë ndërmjet qytetarëve, të përfaqësuar në parlament, dhe kreu i shtetit si sovran, çoi në zhvillimin e praktikës së tillë të dy instituteve të pranuara përgjithësisht - amnistisë dhe faljes.

E drejta e faljes (mëshirës) e shtetit ndaj kryerësve të veprave ndëshkuese është e njohur në sistemet juridike, si autorizim i shtetit, në kushtet e përcaktuara me ligj, kundër kryerësve të veprave penale që të mos ngritet ndjekje penale ose personave tashmë të dënuar dënimi tu falet apo tu zbutet. Instituti i amnistisë gjen kuptim në të drejtën e pacenueshme të shtetit për të ndëshkuar, prej nga buron edhe e drejta për faljen e kryerësit të veprës ndëshkuese. Dënimi paraqet hakmarrje e drejtë për veprën e kryer, ndërsa amnistia paraqet falje, shprehje e vullnetit të mirë dhe mëshirës ndaj personave të dënuar, të ndihmohet në procesin e risocializimit të tyre.

Është veçanërisht e rëndësishme të theksohet se falja kolektive nëpërmjet amnistisë është një mënyrë efikase për të menjanuar pasojat e padrejta të shkaktuara nga ndryshimet e shpeshta të ligjeve: kur akti i ri shfuqizon një inkriminim ose parashikon një dënim më të lehtë, i vetmi instrument që mund të ndërhyjë që qëndrimi i tillë më i lehtë i ligjvënësit t'u referohet edhe atyre që vuajnë dënim sipas sipas ligjit të vjetër është amnistimi i tyre. Ndonjëherë edhe arsyet e tjera të rëndësishme sociale ose politike e

амнестирање. Понекогаш и други важни социјални или политички причини го оправдуваат посегнувањето по амнестија заради надминување на можните социјални конфликти.

Овој институт постои и се применува во многу европски држави (Франција, Италија, Швајцарија, Турција, Словенија, Србија итн.).

Во Република Северна Македонија од моментот на нејзиното осамостојување донесени се повеќе закони за амнестија. Првиот закон за амнестија е донесен во 1991 и со него биле опфатени осудените лица кои се наоѓале на издржување на затворска казна, како и оние кои сè уште не биле упатени на издржување на казната. Законот за амнестија од 1999 година се однесува на лицата осудени со правосилна пресуда на казна затвор за кривични дела казниви со Кривичниот Законик и со друг закон на Република Македонија, на кои од страна на домашен суд им била изречена единствена казна затвор, како и лица осудени со правосилна пресуда од суд на поранешните југословенски републики, кои на денот на влегувањето во сила на овој закон започнале со издржување на казната во казнено-поправните установи во Република Македонија. Како резултат на потребата од поставување соодветна правна рамка како инструмент за реализација на Охридскиот договор, во 2002 година е донесен нов Законот за амнестија. Законот предвидувал ослободување од гонење, запирање на кривичните постапки и потполно ослободување од извршувањето на казната затвор на граѓаните на Република Македонија, лицата со законски престој, како и на лицата кои имале имот или семејство во Република Македонија, а за кои постоело основано сомневање дека подготвиле или сториле кривични дела поврзани со конфликтот во 2001 година, заклучно со 26 септември 2001 година. Амнестијата се однесувала и на лицата кои и пред 1 јануари 2001 година подготвувале или сториле кривични дела во врска со конфликтот во 2001 година. Со актот на амнестија не биле опфатени меѓународните злосторства за кои е надлежен Хашкиот трибунал. Законот содржел и основ за ослободување од извршувањето на казната затвор за 25% од неиздржаниот дел во поглед на лицата осудени со правосилна пресуда за кривични дела

arsyetojnë vendosjen për amnistim për tejkalimin e konflikteve të mundshme sociale.

Ky institut ekziston dhe aplikohet në shumë vende evropiane (Francë, Itali, Zvicër, Turqi, Slloveni, Serbi etj.).

Në Republikën e Maqedonisë së Veriut, që nga momenti i pavarësisë së saj, janë miratuar disa ligje për amnisti. Ligji i parë për amnisti u miratua në vitin 1991 dhe përfshinte personat e dënuar që vuanin dënimin me burg, si dhe ata që ende nuk ishin dërguar për të vuajtur dënimin. Ligji për amnisti i vitit 1999 u referohet personave të dënuar me dënim të plotfuqishëm me dënim me burg për vepra penale të dënueshme me Kodin Penal dhe me ligj tjetër të Republikës së Maqedonisë, të cilëve nga gjykata e vendit u është shqiptuar dënim i vetëm me burg, si dhe personave të dënuar me aktgjykim të plotfuqishëm nga një gjykatë e ish-republikave jugosllave, të cilët në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji kanë filluar vuajtjen e dënimit në institucionet ndëshkuese – korrektuese në Republikën e Maqedonisë. Si rezultat i nevojës për të krijuar një kornizë të përshtatshme ligjore si instrument për zbatimin e Marrëveshjes së Ohrit, në vitin 2002 u miratua Ligji i ri për amnisti.

Ligji ka parashikuar lirimin nga ndjekja, ndërprerjen e procedurave penale dhe përjashtimin e plotë nga vuajtja e dënimit me burg për shtetasit e Republikës së Maqedonisë, për personat me vendbanim të ligjshëm, si dhe për personat që kanë pasur pronë ose familje në Republikën e Maqedonisë, e për të cilët ekzistonte dyshimi i bazuar se kanë përgatitur ose kanë kryer vepra penale të lidhura me konfliktin e vitit 2001, nga 26 shtatori 2001. Amnistia vlente edhe për personat që edhe para 1 janarit 2001 kanë përgatitur apo kryer vepra penale të lidhura me konfliktin e vitit 2001. Me aktin e amnistisë nuk janë përfshirë krimet ndërkombëtare për të cilat është kompetente Tribunali i Hagës. Ligji gjithashtu përmbante bazë për lirim nga ekzekutimi i dënimit me burg për 25% të pjesës së pavuajtur për personat e dënuar me aktgjykim të plotfuqishëm për vepra penale të parapara me Kodin Penal dhe me ligj tjetër të Republikës së Maqedonisë, nëse dhe me ditën e

пропишани со Кривичниот законик и друг закон на Република Македонија, ако и на денот на влегувањето во сила на овој закон започнале со издржувањето на казната затвор во казненопоправните установи во Република Македонија.

Закон за амнестија е донесен и во 2003 година (ревидиран во 2004 година), а неговите одредби се однесувале на граѓаните на Република Северна Македонија кои не ја извршиле воената обврска. Во 2018 се донесени уште два закона за амнестија. Со прввиот (објавен во „Сл. весник на РМ бр.11/18“), беше амнестирана одредена група на правосилно осудени лица, со цел за нивна ресоцијализација и растеретување на затворите од прекумерниот број на лица кои се наоѓаат на отслужување на затворска казна. Вториот пак, (објавен во „Сл. весник на РМ бр. 233/18“) се однесуваше на ослободување од кривично гонење, запирање на поведените кривични постапки и целосно ослободување од казната затвор, лицата за кои постоело основано сомневање дека сториле кривично дело поврзано со настаните во Собранието на РСМ од 27 април 2017 година. Последниот од низата закони за амнестија, беше донесен годинава (објавен во „Сл. весник на РСМ бр.65/23“), со кој на лицата осудени со правосилна пресуда на парична казна за кривични дела од членот 205 „Пренесување заразна болест“ и членот 206 „Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“ од Кривичниот законик, сторени по денот на влегувањето во сила на Одлуката за утврдување на постоење вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 68/20), донесена од претседателот на Република Северна Македонија до денот на влегувањето во сила на законот, изречената казна им се замени со алтернативна мерка условна осуда.

Но, со оглед на актуелните состојби се оцени за потребно да се предложи донесување на нов Закон за амнестија како израз на добра волја на државата кон одредена група на правосилно осудени лица. Примарна причина за донесување на овој закон е ресоцијализација на определен број осудени лица, а имајќи ги предвид и условите и

hyrjes në fuqi të këtij ligji kanë filluar vuajtjen e dënimit me burg në institucionet ndëshkuese-korrektuese në Republikën e Maqedonisë.

Ligj për amnisti është miratuar edhe në vitin 2003 (i reviduar në 2004), ndërsa dispozitat e tij i referoheshin qytetarëve të Republikës së Maqedonisë së Veriut të cilët nuk e kanë përmbushur detyrimin e tyre ushtarak. Në vitin 2018 janë miratuar edhe dy ligje të tjera për amnisti. Me të parin (i publikuar në “Gazetën Zyrtare të RM-së”, nr. 11/18”), është amnistuar një grup i caktuar personash të dënuar me dënime të plotfuqishme, me qëllim të risocializimit të tyre dhe lehtësimin e burgjeve nga numri i tepërt i personave që janë në vuajtje të dënimit me burg. I dyti, nga ana tjetër (i publikuar në “Gazetën Zyrtare të RM-së”, nr. 233/18”), i referohej lirimit nga ndjekja penale, ndërprerjes së proceduave të ngritura penale dhe lirimit të plotë nga dënimi me burg, personat për të cilët ekzistonte dyshimi i bazuar se kishin kryer vepër penale të lidhur me ngjarjet në Kuvendin e RMV-së nga 27 prilli 2017. I fundit nga seria e ligjeve për amnisti është miratuar këtë vit (i publikuar në “Gazetën Zyrtare të RMV-së”, nr. 65/23”), me të cilin personave të dënuar me aktgjykim të plotfuqishëm me gjobë për veprat penale nga neni 205 “Bartja e sëmundjes ngjitëse” dhe nenit 206 “Mosveprimi sipas rregullave shëndetësore gjatë epidemisë” nga Kodi Penal, të kryera pas ditës së hyrjes në fuqi të Vendimit për konstatimin e gjendjes së jashtëzakonshme (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut”, numër 68/20), i miratuar nga Presidenti i Republikës së Maqedonisë së Veriut deri në ditën e hyrjes në fuqi të ligjit, dënimi i shqiptuar u është zëvendësuar me masë alternative dënim me kusht.

Megjithatë, duke pasur parasysh situatat aktuale, u vlerësua se është e nevojshme të propozohet miratimi i Ligjit të ri për amnisti si shprehje e vullnetit të mirë të shtetit ndaj një grupi të caktuar të personave të dënuar me dënime të plotfuqishme. Arsyeja primare e miratimit të këtij ligji është risocializimi i një numri të caktuar të të dënuarve, ndërsa duke i marrë

капацитетите во казнено-поправните установи во држават како и растеретувањето на затворите од прекумерниот број на лица кои се наоѓаат на отслужување на затворска казна.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Целите што ќе се постигнат со донесување на Законот за амнестија се:
- ресоцијализација на сторителите на кривични дела;
- Намалување на бројот на лица кои издржуваат казна затвор во казнено-поправните установи, а со тоа значително ќе предизвика намалување на фактичката пренатрупеност во нив, како и финансиско растеретување на Буџетот на Република Северна Македонија, во однос на издржувањето на затворската популација.

Основна цел на Законот за амнестија е потребата за јакнење на рехабилитативниот концепт и помагање на процесот на реинтеграција на осудените лица.

III. ОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИМПЛИКАЦИИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предложениот закон нема да предизвика дополнителни финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предложените законски одредби нема да предизвикаат дополнителни материјални обврски

parasysh kushtet dhe kapacitetet në institucionet ndëshkuese-korrektuese në vend, si dhe lehtësimin e burgjeve nga numri i tepërt i personave që janë duke vuajtur dënimin me burg.

II.QËLLIMET, PARIMET DHE ZGJIDHJET THEMELORE TË PROPOZIM-LIGJIT

Qëllimet që do të arrihen me miratimin e Ligjit për amnisti janë:
- risocializimi i kryerësve të veprave penale;

- Zvogëlimi i numrit të personave që vuajnë dënimin me burg në institucionet ndëshkuese-korrektuese, e me këtë ndjeshëm do të zvogëlohet mbipopullimi faktik në burgje, si dhe lehtësim financiar i Buxhetit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, lidhur me mirëmbajtjen e popullatës së burgosur.

Qëllimi kryesor i Ligjit për amnisti është nevoja e forcimit të konceptit rehabilitues dhe për të ndihmuar procesin e riintegrimit të personave të dënuar.

III.VLERËSIMI I IMPLIKIMEVE FINANCIARE NGA PROPOZIM-LIGJI NDAJ BUXHETIT DHE MJETET E TJERA PUBLIKE FINANCIARE

Ligji i propozuar nuk do të shkaktojë implikime financiare shtesë në Buxhetin e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

IV.VLERËSIMI I MJETEVE TË NEVOJSHME FINANCIARE PËR ZBATIMIN E LIGJIT, MËNYRA E SIGURIMIT TË TYRE, TË DHËNA PËR ATË NËSE ZBATIMI I LIGJIT TËRHEQ OBLIGIME MATERIALE PËR SUBJEKTE TË VEÇANTA

Dispozitat ligjore të propozuara nuk do të shkaktojnë obligime materiale shtesë për subjekte të posaçme.

за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што не е во прашање сложен и обемен закон, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, се предлага Собранието да расправа по Предлог на закон за Амнестија, по скратена постапка.

V. PROCEDURA E SHKURTUAR PËR MIRATIMIN E LIGJIT

Duke pasur parasysh se nuk bëhet fjalë për ligj kompleks dhe voluminoz, në pajtim me nenin 170 të Rregullores së Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, propozohet që Kuvendi të debatojë për Propozim ligjin për ndryshimin e Ligjit për amnisti, me procedurë të shkurtuar.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА АМНЕСТИЈА

Член 1

Со овој закон се уредува ослободување од извршување на казна затвор (во натамошниот текст: амнестија):
- на лица осудени со правосилна пресуда на казна затвор за кривични дела пропишани со Кривичниот законик или други закони, кои на денот на влегувањето во сила на овој закон започнале или не започнале со издржување на казната затвор во казнено-поправните установи во Република Македонија,
- на лица осудени со правосилна пресуда на казна затвор за кривични дела пропишани со кривични закони на друга држава доколку сторителот е државјанин на Република Македонија и казната ја издржува во Република Македонија врз основа на извршување на кривична пресуда на странски или меѓународен суд и истата е признаена со пресуда на надлежен суд во Република Македонија.

Член 2

Осудените лица од членот 1 од овој закон на кои им е изречена казна затвор до шест месеци, потполно се ослободуваат од издржувањето на казната.
Осудени лица од членот 1 од овој закон на кои им е изречена казна затвор над шест месеци, се ослободуваат од издржување на 30% од целокупната казна изречена со правосилна пресуда.
Осудените лица од членот 1 од овој закон на кои со правосилна пресуда им е изречена единствена казна затвор, се ослободуваат од издржување на единствената казна затвор за 30% во делот на претходно утврдените поединечни казни опфатени со амнестија.
Доколку во единствената казна затвор е утврдена казна затвор за кривично дело кое не подлежи на амнестија, осудениот од членот 1 од овој закон ќе се ослободи од издржување на казната за 30% само во

PROPOZIM LIGJ PËR AMNISTI

Neni 1

Me këtë ligj rregullohet lirimi nga vuajta e dënimit me burg (në tekstin e mëtejmë: amnistia):
- i personave të dënuar me aktgjykim të plotfuqishëm me dënim me burg për vepra penale të përcaktuara me Kodin penal ose ligje tjera, të cilët në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji kanë filluar ose nuk kanë filluar me vuajtjen e dënimit me burg në institucionet ndëshkuese-korrektuese në Republikën e Maqedonisë,
- i personave të dënuar me aktgjykim të plotfuqishëm me dënim me burg për vepra penale të përcaktuara me ligje penale të shtetit tjetër nëse kryerësi është shtetas i Republikës së Maqedonisë dhe dënimin e vuan në Republikën e Maqedonisë në bazë të zbatimit të aktgjykimit penal të gjykatës së huaj ose ndërkombëtare dhe i njëjti është pranuar me aktgjykim të gjykatës kompetente në Republikën e Maqedonisë.

Neni 2

Personat e dënuar nga neni 1 i këtij ligji të cilëve u është shqiptuar dënim me burg deri në gjashtë muaj, plotësisht lirohen nga vuajtja e dënimit.
Personat e dënuar nga neni 1 i këtij ligji, të cilëve u është shqiptuar dënim me burg mbi gjashtë muaj, lirohen nga vuajtja e 30% të dënimit të plotë të shqiptuar me aktgjykim të plotfuqishëm.
Personat e dënuar nga neni 1 i këtij ligji të cilëve me aktgjykim të plotfuqishëm u është shqiptuar dënim i vetëm me burg, lirohen nga vuajtja e dënimit të vetëm me burg për 30% në pjesën e dënimeve të veçanta të përcaktuara paraprakisht të përfshira me amnisti.

Nëse në dënimin e vetëm me burg është përcaktuar dënim me burg për vepër penale e cila nuk i nënshtrohet amnistisë, i dënuari nga neni 1 i këtij ligji do të lirohet nga vuajtja e dënimit për 30% vetëm në

делот на претходно утврдените поединечни казни опфатени со амнестија.

Член 3

Амнестијата не се однесува на лицата осудени со правосилна пресуда:
- на казна доживотен затвор,
- за кривично дело Убиство од членот 123 од Кривичниот законик,
- за кривични дела против изборите и гласањето членовите од 158 до 165-в од Кривичниот законик,
- за кривични дела против половата слобода и половиот морал членовите од 186 до 194-а од Кривичниот законик,
- за кривични дела „Разбојништво" од член 237 став 5 и „Разбојничка кражба„ од член 238 став 5 сите од Кривичниот законик,
- за кривични дела против државата членовите од 305 до 327 од Кривичниот законик,
- за кривични дела против јавниот ред членовите од 394 до 394-г од Кривичниот законик,
- за кривичните дела против човечноста и меѓународното право членовите од 403 до 418-а и од 418-в до 422 од Кривичниот законик.
- за кривичните дела „Измама на штета на средства на Европската Унија" од член 249-а, „Перење пари и други приноси од казниво дело" од член 273, „Злоупотреба на службената положба и овластување" од член 353, „Несовесно работење во службата" од член 353-в, „Примање поткуп" од член 357, „Давање поткуп" од член 358, „Давање награда за противзаконито влијание" од член 358-а и за „Примање награда за противзаконито влијание" од член 359, сите од Кривичниот законик,
- за кривични дела сторени при вршење на семејно насилство и родово-базирано насилство

Амнестијата не се однесува на лицата кои делата предмет на амнестија ги сториле по 1 септември 2023 година.

Амнестијата не се однесува на лицата кои во време на сторување на делата предмет на амнестија биле избрани и именувани лица во Република Северна Македонија.

Амнестијата не се однесува и на лицата кои биле

pjesën e dënimeve të veçanta të përcaktuara paraprakisht të përfshira me amnisti.

Neni 3

Amnistia nuk ka të bëjë me personat të dënuar me aktgjykim të plotfuqishëm:
- me dënim me burg të përjetshëm,
- për vepër penale Vrasje nga neni 123 i Kodit penal,
- për vepra penale kundër zgjedhjeve dhe votimit nenet 158 deri 165 – v nga Kodi Penal,
- për vepra penale kundër lirisë gjinore dhe moralit gjinor nenet nga 186 deri 194-a nga Kodi Penal,
- për vepra penale "Grabitja" nga neni 237 paragrafi 5 dhe "Vjedhje grabitqare" nga neni 238 paragrafi 5 të gjitha nga Kodi Penal,
- për vepra penale kundër shtetit nenet 305 deri te 327 nga Kodi Penal,
- për vepra penale kundër rendit publik nenet nga 394 deri te 394-g nga Kodi Penal;
- për vepra penale kundër njerëzisë dhe të drejtës ndërkombëtare nenet nga 403 deri në 418-a dhe nga 418-v deri në 422 të Kodit Penal.
-për veprat penale "Mashtrim në dëm të fondeve të Bashkimit Evropian" nga neni 249-a", "Pastrimi i parave dhe të ardhurave të tjera nga vepra penale" nga neni 273, "Keqpërdorimi i pozitës dhe autoritetit zyrtar" nga neni 353, "Të punuarit e pandërgjegjshëm në shërbim" nga neni 353-v, "Marrja e ryshfetit" nga neni 357, "Dhënia e ryshfetit" nga neni 358, "Dhënia e shpërblimit për ndikim të kundërligjshëm" nga neni 358-a dhe për "Marrja e shpërblimit për ndikim të kundërligjshëm" nga neni 359, të gjitha nga Kodi Penal.
- për vepra penale të kryera gjatë kryerjes së dhunës në familje dhe dhunës me bazë gjinore

Amnistia nuk i referohet personave të cilët veprat, që janë çështje e amnistisë, i kanë kryer pas 1 shtatorit 2023.

Amnistia nuk i referohet personave të cilët në kohën e kryerjes së veprave, që janë çështje e amnistisë, kanë qenë persona të zgjedhur ose të emëruar në Republikën e Maqedonisë së Veriut.

Amnistia nuk i referohet personave të cilët janë

амнестирани согласно Законот за амнестија (Службен весник на Република Македонија бр.11 од 18.01.2018), за кривичните дела за кои биле амнестирани согласно наведениот закон.

Член 4

Амнестија не се однесува на правосилно осудени лица за кои до денот на влегувањето во сила на овој закон е наредено издавање на потерница поради нивна недостапност на органите на кривичниот прогон.

Судијата за извршување на санкции е должен во рок од три дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, писмено да го извести судот кој е надлежен да постапува, за постоење на околностите од ставот 1 на овој член.

Член 5

Постапката за примена на овој закон за осудените лица кои се наоѓаат на издржување казната затвор, се поведува по службена должност од страна на казнено-поправната установа.

Постапката за примена на овој закон за осудените лица кои не започнале со издржување на казната затвор, ја поведува судот што ја донел првостепената пресуда по службена должност, по барање на јавен обвинител или по барање на осуденото лице.

Решението за амнестија според одредбите од овој закон го донесува судот што ја донел првостепената пресуда, во рок од пет дена од денот на приемот на барањето во судот.

Против решението од ставот 3 на овој член, жалба можат да поднесат осуденото лице и лицето кое во корист на осуденото лице може да изјави жалба, во рок од 24 часа од приемот на решението.

По жалбата против решението на првостепениот суд одлучува непосредно повисокиот суд, во рок од 48 часа.

Жалбата од ставот 4 на овој член не го задржува од извршување решението.

amnistuar sipas Ligjit për amnisti (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 11 datë 18.01.2018), për veprat penale për të cilat janë amnistuar sipas ligjit të cekur.

Neni 4

Amnistia nuk i referohet personave të dënuar me aktgjykim të plotfuqishëm për të cilët deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji është urdhëruar lëshimi i fletarrestimit për shkak të paarritshmërisë së tyre për organet e ndjekjes penale.

Gjykatësi për ekzekutimin e sanksioneve është i detyruar që në afat prej tri ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji, me shkrim ta njoftojë gjykatën e cila është kompetente të veprojë, për ekzistimin e rrethanave nga paragrafi 1 i këtij neni.

Neni 5

Procedura për zbatimin e këtij ligji për personat e dënuar që gjenden në vuajtjen e dënimit me burg, ngritet me detyrë zyrtare nga ana e institucionit ndëshkues korrektues.

Procedurën për zbatimin e këtij ligji për personat e dënuar që nuk kanë filluar me vuajtjen e dënimit me burg, e ngrit gjykata që e ka sjellë aktgjykimin e shkallës së parë me detyrë zyrtare, me kërkesë të prokurorit publik ose me kërkesë të personit të dënuar.

Aktvendimin për amnisti sipas dispozitave të këtij ligji e sjell gjykata që ka sjellë aktgjykimin e shkallës së parë, në afat prej pesë ditësh nga dita e pranimit të kërkesës në gjykatë.

Kundër aktvendimit nga paragrafi 3 i këtij neni, ankesë mund të parashtrojnë personi i dënuar dhe personi i cili në dobi të personit të dënuar mund të parashtrojë ankesë, në afat prej 24 orësh nga pranimi i aktvendimit.

Për ankesën kundër aktvendimit të gjykatës së shkallës së parë vendos gjykata më e lartë e drejtpërdrejtë, në afat prej 48 orësh.

Ankesa nga paragrafi 4 i këtij neni nuk e ndalon zbatimin e aktvendimit.

Член 6

Во постапката за спроведување на овој закон се применуваат одредбите од Законот за кривична постапка, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Neni 6

Në procedurën për zbatimin e këtij ligji zbatohen dispozitat e Ligjit të procedurës penale, nëse me këtë ligj nuk është përcaktuar ndryshe.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.

Neni 7

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e publikimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ:

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Овој предлог на закон содржи 7 (седум) члена:

Со членот 1 од Предлогот на Законот за амнестија, се објаснува содржината на самиот закон. Имено, согласно член 1 од овој закон се предвидува ослободување од извршување на казна затвор на: лица осудени со правосилна пресуда на казна затвор за кривични дела пропишани со Кривичниот законик или други закони, кои на денот на влегувањето во сила на овој закон започнале или не започнале со издржување на казната затвор во казнено-поправните установи во Република Македонија, како и на лица осудени со правосилна пресуда на казна затвор за кривични дела пропишани со кривични закони на друга држава доколку сторителот е државјанин на Република Македонија и казната ја издржува во Република Македонија врз основа на извршување на кривична пресуда на странски или меѓународен суд и истата е признаена со пресуда на надлежен суд во Република Македонија.

Во членот 2 се наведува колку изнесува процентот за кој осудените лица се ослободуваат од извршување на казната затвор. Оваа поделба е извршена врз основа на висината на казната која им е изречена на сторителите на кривичните дела.

ARSYETIMI I PROPOZIM-LIGJIT:

I. SQARIMI I PËRMBAJTJES SË DISPOZITAVE TË PROPOZIM-LIGJIT

Ky propozim ligji përmban 7 (shtatë) nene:

Me nenin 1 të Propozim Ligjit për amnisti, shpjegohet përmbajtja e vetë ligjit. Konkretisht, në përputhje me nenin 1 të këtij ligji, parashihet lirimi nga vuajtja e dënimit me burg të: personave të dënuar me aktgjykim të plotfuqishëm të dënimit me burg për vepra të parapara me Kodin Penal ose ligje të tjera, të cilët me ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji kanë filluar ose nuk kanë filluar vuajtjen e dënimit me burg në institucionet ndëshkuese-korrektuese në Republikën e Maqedonisë, si dhe për personat të gjykuar me aktgjykim të plotfuqishëm me dënim me burg për vepra penale të parapara me ligjet penale të një shteti tjetër nëse kryerësi është shtetas i Republikës së Maqedonisë dhe është duke e vuajtur dënimin në Republikën e Maqedonisë në bazë të ekzekutimit të aktgjykimit penal nga gjykata e huaj ose ndërkombëtare dhe i njëjti është njohur me aktgjykim të gjykatës kompetente në Republikën e Maqedonisë.

Në nenin 2 ceket se sa është përqindja për të cilën personat e dënuar lirohen nga vuajtja e dënimit me burg. Kjo ndarje bëhet në bazë të lartësisë së dënimit i cili u është shqiptuar kryerësve të veprave penale.

Така, се предлага сите осудените лица од членот 1 на овој закон на кои им е изречена казна затвор до шест месеци, потполно да се ослободат од издржувањето на казната. Сите други осудени лица од членот 1 на овој закон се ослободуваат од издржување на 30% од целокупната казна изречена со правосилна пресуда. Доколку во единствената казна затвор е утврдена казна затвор за кривично дело кое не подлежи на амнестија, осудениот од членот 1 од овој закон ќе се ослободи од издржување на казната за 30% само во делот на претходно утврдените поединечни казни опфатени со амнестија.

Во членовите 3 и 4 се објаснува за кои кривични дела нема да важи амнестијата, односно кои осудени лица нема да бидат опфатени со законот за амнестија. Во оваа одредба е применета т.н. „негативна“ клаузула со која изречно се исклучуваат делата што не се опфатени со амнестијата. Со законот се предвидува дека амнестијата не се однесува на лицата осудени со правосилна пресуда:

- на казна доживотен затвор,
- за кривично дело Убиство од членот 123 од Кривичниот законик,
- за кривични дела против изборите и гласањето членовите од 158 до 165-в од Кривичниот законик,
- за кривични дела против половата слобода и половиот морал членовите од 186 до 194-а од Кривичниот законик,
- за кривични дела „Разбојништво“ од член 237 став 5 и „Разбојничка кражба„ од член 238 став 5 сите од Кривичниот законик,
- за кривични дела против државата членовите од 305 до 327 од Кривичниот законик,
- за кривични дела против јавниот ред членовите од 394 до 394-г од Кривичниот законик,
- за кривичните дела против човечноста и меѓународното право членовите од 403 до 418-а и од 418-в до 422 од Кривичниот законик.
- за кривичните дела „Измама на штета на средства на Европската Унија“ од член 249-а, „Перење пари и други приноси од казниво дело“ од член 273, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353, „Несовесно работење во службата“ од член 353-в, „Примање поткуп“ од член

Kështu, propozohet që të gjithë personat e dënuar nga neni 1 i këtij ligji, të cilëve u është shqiptuar dënimi me burg deri në gjashtë muaj, të lirohen plotësisht nga vuajtja e dënimit. Të gjithë personat e tjerë të dënuar nga neni 1 i këtij ligji lirohen nga vuajtja për 30% e dënimit të përgjithsëm të shqiptuar me aktgjykim të plotfuqishëm. Nëse në dënimin e vetëm me burg është caktuar dënimi me burg për vepër ndëshkuese që nuk i nënshtrohet amnistisë, i dënuari nga neni 1 i këtij ligji do të lirohet nga vuajtja e dënimit për 30% vetëm në pjesën e dënimeve individuale të përcaktuara paraprakisht të përfshira me amnisti.

Në nenet 3 dhe 4 shpjegohet se për cilat vepra penale nuk do të vlejë amnistia, gjegjësisht cilët persona të dënuar nuk do të përfshihen me ligjin për amnisti. Në këtë dispozitë është zbatuar e ashtuquajtura klauzolë “negative" me të cilën shprehimisht përjashtohen pjesët që nuk përfshihen me amnisti. Me ligj parashikohet që amnistia nuk i referohet personave të dënuar me aktgjykim të plotfuqishëm:

- me burgim të përjetshëm,
- për veprën penale Vrasje nga neni 123 të Kodit Penal,
- për vepra penale kundër zgjedhjeve dhe votimit, nenet 158 deri 165-v të Kodit Penal,
- për vepra penale kundër lirisë dhe moralit gjinor, nenet 186 deri 194-a të Kodit Penal,
- për vepra penale “Grabitje” nga neni 237 paragrafi 5 dhe “Vjedhja grabitqare” nga neni 238 paragrafi 5 të gjitha nga Kodit Penal,
- për vepra penale kundër shtetit, nenet 305 deri 327 të Kodit Penal,
- për vepra penale kundër rendit publik, nenet 394 deri 394-g të Kodit Penal,
- për vepër penale kundër njerëzimit dhe të drejtës ndërkombëtare, nenet 403 deri 418-a dhe 418-v deri 422 të Kodit Penal.
- për veprat penale “Mashtrim në dëm të fondeve të Bashkimit Evropian” nga neni 249-a”, “Pastrimi i parave dhe të ardhurave të tjera nga vepra penale” nga neni 273, “Keqpërdorimi i pozitës dhe autoritetit zyrtar” nga neni 353, “Të punuarit e pandërgjegjshëm në shërbim” nga neni 353-v, “Marrja e ryshfetit” nga

357, „Давање поткуп“ од член 358, „Давање награда за противзаконито влијание“ од член 358-а и за „Примање награда за противзаконито влијание“ од член 359, сите од Кривичниот законик,

- за кривични дела сторени при вршење на семејно насилство и родово-базирано насилство.

Амнестијата не се однесува на лицата кои делата предмет на амнестија ги сториле по 1 септември 2023 година.

Амнестијата не се однесува на лицата кои во време на сторување на делата предмет на амнестија биле избрани и именувани лица во Република Северна Македонија.

Амнестијата не се однесува и на лицата кои биле амнестирани согласно Законот за амнестија (Службен весник на Република Македонија бр.11 од 18.01.2018), за кривичните дела за кои биле амнестирани согласно наведениот закон.

Амнестијата не се однесува на правосилно осудени лица за кои до денот на влегувањето во сила на овој закон е наредено издавање на потерница поради нивна недостапност на органите на кривичниот прогон. За постоењето на оваа околност, судијата за извршување на санкции е должен во рок од три дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, писмено да го извести судот кој е надлежен да постапува.

Во членот 5 се уредува постапката за давање на амнестија, односно органот кој ја спороведува постапката, како и издавањето на решението за амнестија. Имено, постапката за примена на овој закон за осудените лица кои се наоѓаат на издржување казна затвор, се поведува по службена должност од страна на казнено-поправната установа, додека постапката за примена на овој закон за осудените лица кои не отпочнале со издржување на казната затвор, ја поведува судот што ја донел првостепената пресуда по службена должност, по барање на јавен обвинител или по бараење на осуденото лице. Согласно членот 5, решението за амнестија според одредбите на овој закон го донесува судот што ја донел првостепената пресуда, во рок од пет дена од денот на приемот на

neni 357, “Dhënia e ryshfetit” nga neni 358, “Dhënia e shpërblimit për ndikim të kundërligjshëm” nga neni 358-a dhe për “Marrja e shpërblimit për ndikim të kundërligjshëm” nga neni 359, të gjitha nga Kodi Penal.

-për vepra penale të kryera gjatë kryerjes së dhunës në familje dhe dhunës me bazë gjinore

Amnistia nuk i referohet personave të cilët veprat, që janë çështje e amnistisë, i kanë kryer pas 1 shtatorit 2023.

Amnistia nuk i referohet personave të cilët në kohën e kryerjes së veprave, që janë çështje e amnistisë, kanë qenë persona të zgjedhur ose të emëruar në Republikën e Maqedonisë së Veriut.

Amnistia nuk i referohet personave të cilët janë amnistuar sipas Ligjit për amnisti (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 11 datë 18.01.2018), për veprat penale për të cilat janë amnistuar sipas ligjit të cekur.

Amnistia nuk i referohet personave të dënuar me aktgjykim të plotfuqishëm për të cilët deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji është urdhëruar lëshimi i fletarrestimit për shkak të paarritshmërisë së tyre për organet e ndjekjes penale. Për ekzistimin e kësaj rrethane, gjykatësi për ekzekutimin e sanksioneve është i detyruar që në afat prej tri ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji, me shkrim ta njoftojë gjykatën e cila është kompetente të veprojë, për ekzistimin e rrethanave nga paragrafi 1 i këtij neni.

Në nenin 5 rregullohet procedura për dhënien e amnistisë, përkatësisht organi që zbaton procedurën, si dhe nxjerrjen e aktvendimit për amnisti. Konkretisht, procedura për zbatimin e këtij ligji për personat e dënuar të cilët janë në vuajtje të dënimit me burg, inicohet sipas detyrës zyrtare nga institucioni ndëshkues - korrektues, përderisa procedurën për zbatimin e këtij ligji për personat e dënuar të cilët nuk kanë filluar me vuajtjen e dënimit me burg, e inicion gjykata që e ka nxjerrë aktgjykimin e shkallës së parë sipas detyrës zyrtare, me kërkesë të prokurorit publik ose me kërkesë të personit të dënuar. Në bazë të nenit 5, aktvendimin për amnisti, sipas dipsozitave të këtij ligji, e sjell gjykata që e ka nxjerrë aktgjykimin e shkallës së parë, brenda pesë ditëve nga dita e marrjes së kërkesës në gjykatë. Kundër këtij

барањето во судот. Против ова решение, пропишано е дека жалба можат да поднесат осуденото лице и лицето кое во корист на осуденото лице може да изјави жалба, во рок од 24 часа од приемот на решението. По жалбата против решението на првостепениот суд одлучува непосредно повисокиот суд, во рок од 48 часа. Од значаење е да се потенцира и дека жалбата од став 4 на овој член не го задржува извршувањето на решението.

Во членот 6 е наведено дека во постапката за спроведување на овој закон ќе се применат одредбите на Законот за кривичната постапка, доколку со неговите одредби не е поинаку определено.

Со членот 7 е предвидено овој закон за влезе во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на РСМ“.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и претставуваат една правна целина

III. ПОСЛЕДИЦИ КОИ ЌЕ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Изминатиот период состојбата во казнено поправните установи е алармантна, што посебно е потенцирано и во бројните меѓународни извештаи кои се занимаваат со ова прашање. Притоа, тоа посебно е потенцирано од страна на Комитетот против тортура во рамките на Советот на Европа (CPT). Со Предлогот на Законот за амнестија ќе се постигне надминување на оваа состојба и за растеретување на казнено поправните установи. Покрај наведената цел, со ослободувањето од издржување казна затвор на сторители на кривични дела со изречени кратки казни затвор се спречува криминалната инфекција на оваа категорија лица.

aktvendimi është përcaktuar se ankesë mund të dorëzojnë personi i dënuar dhe personi i cili në favor të personit të dënuar mund të dorëzojë ankesë, brenda 24 orëve nga pranimi i aktvendimit.

Lidhur me ankesën kundër aktvendimit të gjykatës së shkallës së parë, vendos në mënyrë të drejtë për drejtë gjykata më e lartë, brenda 48 orëve. Gjitjhashtu, është e rëndësishme të theksohet se ankesa nga paragrafi 4 i këtij neni nuk e vonon ekzekutimin e aktvendimit.

Në nenin 6 është cekur se në procedurën për zbatimin e këtij ligji do të zbatohen dispozitat e Ligjit për procedurën penale, nëse me dispozitat e tij nuk është përcaktuar ndryshe.

Me nenin 7 është parashikuar që ky ligj të hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e publikimit në “Gazetën Zyrtare të RMV-së”.

II. LIDHSHMËRIA E NDËRSJELLË E ZGJIDHJEVE TË SHËNUARA NË DISPOZITAT E PROPOZUARA

Zgjidhjet e përmbajtura në dispozitat e propozuara janë të ndërlidhura dhe paraqesin një tërësi juridike.

III. PASOJAT QË DO TË DALIN NGA ZGJIDHJET E PROPOZUARA

Në periudhën e kaluar gjendja në institucionet ndëshkuese korrektuese është alarmante, e cila veçanërisht është theksuar në raporte të shumta ndërkombëtare që trajtojnë këtë çështje. Në të njëjtën kohë, në veçanti është theksuar nga ana e Komitetit kundër torturës në kuadër të Këshillit të Evropës (CPT). Me Propozimin e Ligjit për amnisti do të arrihet tejkalimi i kësaj situate dhe lehtësimi i institucioneve ndëshkuese korrektuese. Përveç qëllimit të cekur, me lirimin nga vuajtja e dënimit me burg të kryerësve të veprave penale me dënime të shkurtra të shqiptuara me burg parandalohet infektimi kriminal i kësaj kategorie personash.

Република Северна Македонија
**Министерство за правда**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Drejtësisë**